ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:35-229/10**

**Дата: 19.12.2013**

ДО

КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА -ЗАТВОР СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Казнено поправна установа- Затвор Скопје (во понатамошниот текст КПУ Затвор Скопје) на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката на буџет за самофинансирачки активности (787) на КПУ Затвор Скопје, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние изразуваме позитивно мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај- биланс на состојба, негативно мислење за реалноста и објективноста на финансискиот извештај- биланс на приходи и расходи на КПУ Затвор Скопје на ден 31 декември 2012 година, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме мислење со резерва.

Во рамки на утврдените слабости, како значајни ги констатиравме: нецелосна наплата на приходи од работно ангажирање на осудени лица надвор од установата, и нецелосно почитување на одредбите од Упатството за работно ангажирање на осудени лица надвор од установата.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во КПУ Затвор Скопје треба да преземат активности за наплата на приходите согласно законските прописи и целосна примена на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 7 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката на буџет за самофинансирачки активности (787) на КПУ Затвор Скопје, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Сузана Гавриловиќ– директор од 09.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на КПУ Затвор Скопје се

користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи.Изборот на псотапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.06.2013 до 30.09.2013 кај КПУ Затвор Скопје од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на сметката на буџет за самофинансирачки активности (787) на КПУ Затвор Скопје, за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 03.10.2013 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 35 – 229/5 од 07.11.2013 година

### 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Во 2012 година КПУ Затвор Скопје има склучено 21 договор за работно ангажирање на осудени лица надвор од Установата. Условите, начинот и постапката на работно ангажирање на осудени лица надвор од установата се пропишани со Упатство, а истото не се почитува и применува во целост. Ревизијата утврди неприменување на Упатството во следните случаи:

- Правните лица или институции кои ангажираат осудено лице не доставуваат месечен извештај за однесувањето на осуденото лице, исполнувањето на работните задачи како и за редовноста на работното место, што е еден од условите за раскинување на договорите (член 6, алинеа 7 и член 9 алинеа 4),;
- Комисијата формирана за контрола на осудените лица, не врши редовна контрола на работните места на кои се ангажирани осудени лица иако има обврска да ја врши најмалку еднаш неделно, ниту редовно изготвува месечен извештај за извршените контроли, кој треба да го доставува до директорот на установата и УИС (член 7, став 3, член 8). Не применувањето на Упатството ја зголемува можноста на осудените лица да го злоупотребат правото за работно ангажирање надвор од установата.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки за целосна примена на Упатството за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата.

## 4.2 Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

### Приходи

4.2.1. Од работно ангажирање на осудени лица надвор од установата, КПУ Затвор Скопје во 2012 година остварила приходи во износ од 399 илјади денари. Со увид во документацијата, ревизијата утврди дека приходите што се остваруваат по овој основ се нецелосни, од причина што дел од приходите во износ од 756 илјади денари се уплаќаат на сметката на Стопанската единица 8-ми Септември, која функционира со посебна сметка во деловна банка. Ваквата состојба не е во согласност со член 72 и 75 од Законот за извршување на санкции каде е предвидено приходите и расходите на стопанските единици да бидат составен дел на буџетите на установите и да се евидентираат на посебна сметка за самофинансирачки активности, а има за ефект помалку наплатени приходи на сметката за самофинансирачки активности.

**Препорака**

Одговорното лице да преземе мерки и активности наплатата на приходите да се врши на начин предвиден со законските прописи.

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1 и 4.2 е:
- нецелосна наплата на приходите за работно ангажирање на осудени лица надвор од установата на сметката за самофинансирачки активности;
- нецелосно почитување на одредбите од Упатството за работно ангажирање на осудени лица надвор од установата.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансискиот извештај -биланс на состојба ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, додека поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансискиот извештај -биланс на приходи и расходи не ја прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Казнено поправната установа- Затвор Скопје сметка на буџет за самофинансирачки активности (787), на ден 31 декември 2012 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на КПУ Затвор Скопје, сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 16.12.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | |
| Неданочни приходи | 3.1.1. | 399 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.1.2. | 106 | 106 |
| **Вкупно приходи** | | **505** | **106** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 360 | 0 |
| Социјални бенефиции | 3.2.2. | 109 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **469** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **469** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | 3.3. | **36** | **106** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 3.4. | **36** | **106** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 36 | 106 |
| **Вкупно тековни средства** | | **36** | **106** |
| **Вкупна актива** | | **36** | **106** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | 4.2. | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 36 | 106 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **36** | **106** |
| **Вкупна пасива** | | **36** | **106** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2011 година** | **-** | **-** | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **34** | **34** |
| Набавки | - | 34 | **34** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **-** | **34** | **34** |